**ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА**
**НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ**

**Ноември 2021 година**

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА
# НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ

## Општи одредби

### Член 1

Со овој Деловник се уредуваат организацијата и функционирањето на Одборот на директори на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје.

Одборот на директори работи и одлучува на начин определен со Законот за трговските друштва, Статутот на Друштвото и неговиот Деловник за работа.
Одборот на директори го донесува Деловникот за работа со кој ги уредува најмалку следните задолженија на органот:
А. Начинот на свикување на одборот на директори и доставување на материјали до неговите членови;
Б. Начинот на гласање и донесување одлуки;
В. Распоредот на одржување на состаноци на одборот на директори;
Г. Улогата и овластувањата на претседателот на одборот на директори, комисиите на одборот на директори и корпоративниот секретар;
Д. Детални критериуми за идентификување и решавање на судир на интереси помеѓу членовите од одборот на директори и друштвото

## Услови, критериуми и ограничувања за избор на членови на Одборот на директори

### Член 2

За член на Одборот на директори се избира физичко лице кое е деловно способно, со соодветно високо образование, стручност и работно искуство од најмалку 5 години во областа на финансиите или правните науки и соодветно познавање на прописите сврзани со основната дејност на работење на друштвото.
За член на Одборот на директори не може да биде избрано лице против кое е изречена казна, прекшочна санкција забрана за вршење на должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на Друштвото додека трае таа забрана.
При избор на потенцијални членови на одборот на директори, покрај оние што се утврдени со закон, се земаат предвид и следните критериуми: поседување личен интегритет и етика; поседување професионално искуство и знаење што е релевантно за дејноста на друштвото и неговата функција; способноста и достапноста за активно и конструктивно учество во дискусиите и одлучувањето на одборот на директори;
Одборот на директори или комисија за избор и именување (доколку е формирана) потврдува дека сите кандидати ги исполнуваат бараните услови и ја проверува усогласеноста на кандидатот со критериумите

утврдени со закон, внатрешните акти на друштвото и профилот на одборот на директори.
Во склоп на биографиите на предложените кандидати за избор за членови на одборот на директори, покрај информациите утврдени со закон, до собранието на акционери се доставуваат информации дали кандидатите имаат судир на интереси помеѓу кандидатот и друштвото, доколку предложениот кандидат е веќе член на одбор на директори резиме на последната оцена на неговата работа, за кандидати кои се предложени од одборот на директори се доставува извештај за проверка на исполнетост на критериумите од страна на кандидатот, како и оцена дали кандидатот се смета за независен член.

За независен член на одборот на директори може да се избере лице кое ќе ги исполнува критериумите утврдени согласно закон за трговски друштва и кое дополнително ќе ги исполнува следните услови: да бил член на одборот на директори помалку од 12 години, да не е член на потесно семејство на лице кое во последните пет години пред изборот било извршен член на одборот на директори на друштвото; да не е поврзано со правно лице - друштво кое дава консултантски услуги на ФЕРШПЕД АД Скопје или на негово поврзано или поврзани друштва; да не е значаен клиент или добавувач на друштвото, или на негово поврзано друштво, и да не е лице поврзано со значаен клиент или добавувач на друштвото или неговите поврзани друштва; да не е член на орган на управување на непрофитна организација што добила значително финансирање од ФЕРШПЕД АД Скопје или од негови поврзани друштва; во последните пет години, да не бил партнер или лице вработено во друштво за ревизија што вршело ревизија на ФЕРШПЕД АД Скопје или на неговите поврзани друштва.
Одборот на директори или комисијата за избор и именување (доколку истата е формирана), најмалку еднаш годишно го разгледува составот на одборот и неговите комисии од аспект на знаењето, квалификациите, вештините и искуството што членовите поединечно и заедно ги поседуваат за успешно извршување на нивните функции (т.н. „профил на одборот“). Профилот на одборот се објавува на веб-страницата на друштвото. Одборот на директори еднаш годишно врши оцена на сопствената работа и за тоа го известува Собранието на акционери.
Член на Одборот на директори во исто време не може да биде избран во повеќе од пет одбори - органи на управување на акционерски друштва со седиште во Република Северна Македонија.
Друштвото ќе превзема мерки да обезбеди застапеност на жените како членови на органот на управување кои со своето стручно знаење ќе допринесат до поквалитетна реализација на политиката на друштвото.

## Состав и мандат на членовите на Одборот на директори

### Член 3

Одборот на директори на ФЕРШПЕД АД Скопје согласно одредбите од Статутот на друштвото има 5 (пет) члена, од кои еден е независен член.

При изборот на членовите на Одборот на директори се назначува кој член се избира како независен член на Одборот на директори.

**Член 4**

Членовите на Одборот на директори се избираат за период од шест години.
Членовите на Одборот на директори можат да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани.
Секој од членовите на одборот на директори е очекувано да биде достапен на стручните служби во друштвото во период од најмалку 30 дена во текот на годината, особено 5 дена пред одржување на седница како и за други дополнителни ангажирања.

## Органи што вршат избор на членови на Одборот на директори

**Член 5**

Членовите на Одборот на директори ги избира собранието на акционери со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот за работа на собранието со јавно гласање.
Одлуката на собранието на акционери за избор на членови на Одборот на директори влегува во сила од денот на донесувањето.

## Претседател на Одборот на директори

**Член 6**

Одборот на директори, од редот на своите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Одборот на директори, избира претседател на Одборот на директори .
Одборот на директори може да го разреши претседателот во кое било време и да избере нов претседател.
Претседателот на Одборот на директори ја надгледува работата на одборот на директори и неговите комисии, го утврдува дневниот ред на состаноците на одборот на директори, ги свикува седниците и претседава со нив, се грижи членовите на одборот на директори да добиваат целосни и навремени информации за тие да имаат доволно време да се подготват и да донесат соодветни одлуки, се грижи членовите на одборот на директори да имаат доволно време за дискусија на состаноците пред да донесат одлуки, се грижи записникот од одржаните состаноци на одборот на директори да биде уредно составен, ја иницира постапката за оцена на работата на одборот на директори, одговорен е за водењето на евиденцијата за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и на одлучување на Одборот на директори и врши други должности утврдени со закон.
Ако претседателот на Одборот на директори од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, со состаноците на Одборот на директори претседава заменик претседателот на одборот на директори односно, во случај кога одборот на директори нема именувано заменик претседател, член на Одборот на директори избран со мнозинство гласови на присутните членови на Одборот на директори.

## КОРПОРАТИВЕН СЕКРЕТАР

**Член 7**

Корпоративниот секретар како дел од секторот за правни, кадровски и општи работи ги извршува работите што му ги доверува Одборот на директори, а особено му обезбедува:

- Организациска и професионална поддршка на одборот на директори, претседателот на одборот и на комисиите;
- Да го советува одборот на директори и комисиите за нивните одговорности и законските обврски;
- Да присуствува и да води записник на состаноците на одборот на директори и на комисиите;
- Да обезбеди правилно спроведување на постапките утврдени во овој деловник;
- Да му помага на одборот на директори, доколку тоа од него се побара, на извршните членови на одборот на директори, со цел да се подобриефикасносгтаи квалитетот на нивната работа, меѓу другото и преку организирање обука за членовите;
- Да организира собрание на акционери и да обезбедипостоење на јасна комуникација со акционерите за тоа како тие можат да ги остварат своите права;
- Да извршува други административни задачи поврзани со корпоративното управување на друштвото.

Корпоративниот секретар му помага на Претседателот на Одборот на директори во подготовките и организирањето на седниците на Одборот на директори и врши други работи утврдени со овој Деловник.
За изготвување на записниците и за чување на оригиналите на записниците од седниците на Одборот на директори и комисиите од член 23 од овој Деловник се грижи Корпоративниот секретар од став 1 на овој член.
Друштвото ги обезбедува потребните ресурси за обука на корпоративниот секретар со цел континуирана надоградба на неговите стручни знаења.
Друштвото обезбедува обука на новите членови на одборот на директори за успешно воведување во нивните должности. Друштвото организира континуирана обука и едукација за сите членови на Одборот на директори, вклучувајќи и обука за прашањата утврдени во профилот на одборот за кои одборот треба да има соодветно знаење.

## Непотполн состав на Одборот на директори

**Член 8**

Ако одделни членови на Одборот на директори престанат да ги вршат своите функции во текот на мандатот или ако се спречени да ги вршат, другите членови на Одборот на директори продолжуваат со работа до пополнувањето на испразнетото место.

**Член 9**

Ако бројот на членовите на Одборот на директори се намали под бројот определен во статутот, но не помал од минималниот број определен со законот, Одборот на директори може, во рок од 90 дена од денот кога на членот му престанала функцијата, да го пополни неговиот состав со избор на вршител на должноста член на Одборот на директори до наредното годишно собрание на акционери. Донесените Одлуки и превземените правни работи и дејствија од страна на Одборот на директори остануваат полноважни.

**Член 10**

Ако бројот на членови на Одборот на директори се намали под бројот определен со закон, преостанатите членови на Одборот на директори мораат во рок од три дена да свикаат собрание на акционери за да се пополни составот на Одборот на директори.

## Забрана на конкуренција

**Член 11**

Членовите на органот на управување како и членови на нивните потесни семејства (сопружници,родители и деца) без одобрение на одборот на директори не смеат:

1)за своја или туѓа сметка да вршат работи кои што спаѓаат во предметот на работење на Друштвото;

2)да вршат друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице;

3)да биде член на орган на управување или член на надзорен одбор, односно контролор во друго друштво кое што има ист или сличен предмет на работење како и друштвото и

4)во просториите на друштвото да врши работи за своја или туѓа сметка.

Собранието мора да биде известено на првата наредна седница за даденото одобрение од ставот 1 на овој член.

Ако членот на Одборот на директори постапи спротивно на забраната од ставот 1 на овој член, односно премолчи релевантен факт Друштвото може:

1)да бара надомест на штета или

2)да бара на друштвото да му ја отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и да му ја даде корисра што потекнува од правната работа склучена за своја или за туѓа сметка

Ако членот на Одборот на директори не ја надомести штетата или не ја отстапи правната работа на Друштвото склучена за своја сметка или не му ја даде на Друштвото корисра што потекнува од правната работа склучена за своја сметка или за туѓа сметка или на друштвото не му го пренесе побарувањето кое што произлегло од неа, другите членови на Одборот на директори можат да поднесат тужба за остварување на барањата од ставот 3 на овој член.

Правото на остварување на барањето од ставот 3 на овој член застарува во рок од 90 дена од денот кога членовите на Одборот на директори

дознале за дејствието врз основа на кое постои право на надомест на штета, односно право да бара Друштвото да му ја отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и да му ја даде користа што потекнува од правната работа склучена за своја или туѓа сметка. По истекот на рокот од пет години од денот на настанувањето на повредата на забраната, барањата од ставот 3 на овој член не можат да се остварат.

## Судир на интереси

### Член 12

Членовите на Одборот на директори не смеат: да бидат конкуренција со друштвото; да бараат, прифаќаат или одобруваат подароци со материјална вредност или донации од друштвото за себе или за членовите на нивните семејства; да им овозможат на трети лица да стекнат корист на штета на друштвото; да ги искористуваат деловните можности што му припаѓаат на друштвото за свои лични интереси или за интересите на членовите на нивните семејства; да остваруваат други форми на лична заработувачка од работењето на друштвото, освен наградата што ја добиваат како членови на одборот на директори и приходите што произлегуваат од какви било акции што ги имаат во друштвото;

За секој договор или друга деловна активност на Друштвото во која што Друштвото е странка и во која што член на Одборот на директори има интерес, дури и на посреден начин, мора да постапи според членовите 457,459 и 460 од Законот за трговските друштва.
Секој член на Одборот на директори кој има интерес е должен веднаш да го пријави тоа.
Ако член или заинтересиран член на Одборот на директори дојде до сознание дека е исполнет некој од условите од ставот 1 на овој член, за тоа веднаш го известува Одборот на директори. Заинтересираниот член има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со договорот или со другата правна работа ниту во донесувањето на одлуката за давање на одобрението од член 460 став 1 од Законот за трговските друштва.
Ако Одборот на директори не даде одобрение или ако одлуката со којашто е дадено одобрението е незаконита ,не можат да се истакнуваат барања спрема трети лица, освен ако друштвото докаже дека третото лице заедно за непостоењето одобрение или за незаконитоста на одлуката или, со оглед на сите околности, морало да знае за тоа.

## Еднаква положба

### Член 13

Членовите на Одборот на директори имаат исти права и обврски, без оглед на тоа како се распределени правата и обврските меѓу нив во органот. Работите ги вршат заедно според овластувањата определени со Законот за трговските друштва и Статутот.

Одлуките на Одборот на директори кои се донесени надвор од нивните овластувања определени со закон и статутот, го обврзуваат друштвото во односите со трети лица, освен кога третото лице знаело или со оглед на околностите морало да знае за тоа.

## Кворум за работа и одлучување

### Член 14

Одборот на директори работи и одлучува, ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови, при што секогаш бројот на неизвршни членови мора да е поголем од пројот на присутни извршни членови на одборот.

Одборот на директори ги донесува одлуките со мнозинство гласови од кворумот определен со ставот еден на овој член.

Гласот на претседателот, а во негово отсуство на претседавачот кој е овластен од претседателот да го заменува, е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

Одлуките на Одборот на директори влегуваат во сила од денот на нивното донесување.

Одборот на директори за сите прашања одлучува со јавно гласање.

## Состаноци, свикување и известување

### Член 15

Одборот на директори одржува состанок кога тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.

Секој член на Одборот на директори, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта, да бара од претседателот да свика состанок на Одборот на директори.

Ако членот кој барал свикување на состанок добие подршка од најмалку една третина од членовите на Одборот на директори за свикување состанок, претседателот на Одборот на директори мора да свика состанок во рок од 15 дена од денот кога е поднесено барањето.

Свикувањето на состанокот од став 3 на овој член се врши со известување до сите членови на Одборот на директори, што е вообичаено за свикување на состаноците на Одборот на директори, во коешто се наведуваат причините, времето и местото на одржувањето на состаноците.

Сите материјали што се потребни за состанок на одборот на директори или на комисија на одборот, им се доставуваат на сите членови на одборот на директори, односно на сите членови на комисијата, најмалку пет дена пред состанокот, освен во исклучителни ситуации кога поради итност на прашањата кои треба да бидат разгледани, материјалите може да се достават во пократок временски период.

**Член 16**

Одборот на директори во текот на годината, задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеци, при што еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржувањето на годишното собрание.

**Член 17**

Членовите на Одборот на директори можат да учествуваат и одлучуваат на состанок, организиран со користење на аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквите состаноци се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин.

Учеството на состанокот се впишува во записникот на Одборот на директори, кој го потпишуваат сите членови што учествуваат на состанокот , организиран на начин од ставот еден на овој член.

**Член 18**

Одборот на директори може да одлучува и без одржување на состанок, ако сите членови на Одборот на директори даваат согласност за одлуката која што се донесува без одржување состанок, како што е предвидено во Статутот на Друштвото.

За сите одлуки донесени на начин од ставот 1 на овој член претседателот на Одборот на директори или корпоративниот секретар, подготвува записник во кој се евидентираат одлуките. Записникот го потпишува претседателот на Одборот на директори, а во негово отсуство член на Одборот на директори, најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето согласност за одлуката која што ја донеле без одржување на состанок .

Одлуките донесени на начин од ставот еден на овој член влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од ставот еден на овој член од страна на сите членови на Одборот на директори, освен ако во одлуката не е утврден друг момент на влегување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката.

**Присуство на седница и учество во работата**
**на Одборот на директори**

**Член 19**

Членот на Одборот на директори има должност да присуствува на седниците на Одборот на директори и да учествува во работата и во одлучувањето.

Членот кој е спречен да присуствува на седницата на Одборот на директори, е должен за тоа да го извести претседателот на Одборот на директори до почетокот на седницата.

## ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦИ
**Член 20**

За работата на секој состанок на Одборот на директори и на комисиите, без разлика на тоа како е одржан состанокот, се води и подготвува записник.

Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржувањето на состанокот.

Записникот треба да ги содржи податоци за начинот на којшто работел Одборот на директори (на состанок или на друг начин), времето и местото на одржувањето на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред на состанокот, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите ,,за,, и ,,против,, одлуките усвоени на состанокот. Во записникот може ,по барање на членот кој гласал ,,за,, и ,,против,, да се внесе и причината зошто така гласал. Ако некој член има судир на интереси, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на состанокот и тоа да се евидентира во записникот.

Записникот го потпишуваат сите членови на Одборот на директори кои биле присутни на состанокот и корпоративниот секретар кој истиот го води. Записникот го потпишува претседателот на Одборот на директори, а во негово отсуство членот на Одборот на директори кој по овластување на претседателот претседавал на состанокот.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ
**Член 21**

Правата и обврските на извршните членови на одборот на директорите, покрај правата и обврските определени со Законот за трговските друштва, можат да бидат определени со договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на одборот на директорите. Од името на друштвото, договорот со извршен член на одборот на директори го склучуваат неизвршните членови на одборот на директори, а го потпишува претседателот на одборот на директори.

Извршните членови на одборот на директори промовираат корпоративна култура која поттикнува етичко однесување, почитување и придржување кон прописите од сите вработени. За таа цел, друштвото усвојува етички кодекс и воспоставува систем за обезбедување на усогласеност и деловна етика во друштвото. Етичкиот кодекс се одобрува од Одборот на директори и се објавува на веб-страницата на друштвото.

Извршните членови на одборот на директори поднесуваат извештај до одборот на директори најмалку квартално, во согласност со законот, за работењето на друштвото, финансиската состојба, неговите главни финансиски и нефинансиски ризици, резултатите од преземените активности, за прашања поврзани со акционерите и другите засегнати лица, и сите други прашања утврдени со внатрешните акти.

Извршните членови по истекот на деловната година поднесуваат и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и извештај за работењето на Друштвото.

На барање на Одборот на директори, извршните членови на Одборот на директори, составуваат посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некое прашање од неговото работење.

Одборот на директори ја утврдува формата и зачестеноста на овие извештаи.
Одговорностите на извршните членови на одборот на директори се утврдени во внатрешните акти на друштвото. Извршните членови на одборот на директори се одговорни за својата работа пред одборот на директори. Таквата одговорност пред одборот на директори не ја исклучува или намалува директната одговорност на извршните членови на одборот на директори да управуваат со друштвото на совесен и професионален начин.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ

### Член 21 –а

Неизвршните членови, покрај овластувањата што со овој закон им се определени во вршењето на правото на надзор над водењето на работењето од страна на извршните членови, имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока. Неизвршните членови за вршење одделни стручни работи од надзорот можат да задолжат кое било вработено лице во друштвото или друго стручно лице.
Неизвршните членови на одборот на директори, му поднесува на собранието писмен извештај за резултатите од контролата над управувањето со друштвото од страна на извршните членови и за резултатите од извршената ревизија спроведена од страна на овластениот ревизор за годишната сметка и за финансиските извештаи.

## КОМИСИИ НА ОДБОРОТ

### Член 22

Одборот на директори може да формира една или повеќе комисии од редот на своите членови или од други лица.
Одборот на директори ќе донесе правила за работа на секоја комисија, ќе ги определи задачите и функциите и нивниот состав.
После секој одржан состанок комисиите доставуваат записник од подржаниот состанок и донесените заклучоци.

## Обрски во случај на загуба, на презадолженост и неспособност за плаќање

### Член 23

Ако Друштвото во текот на работењето,а особено ако според во тримесечната или полугодишната пресметка,односно годишната сметка покажува нова загуба, поголема од 30% од вредноста на имотот на

Друштвото, односно 50% од основната главнина, извршните членови на Одборот на директори мора веднаш да подготви извештај во писмена форма во којшто ќе ги објаснат причините за загубата и ќе предложат мерки со коишто загубата и ќе предложат мерки со коишто загубата ќе биде покриена.
Извештајот од став 1 на овој член се одобрува од Одборот на директори.

## ДЕЛОВНА ТАЈНА
### Член 24

Членот на Одборот на директори е должен овластувањата што му се дадени да ги врши во интерес на Друштвото и во интерес на сите акционери со внимание на уреден и совесен трговец, не може да ги пренесе своите овластувања на друг член на Одборот на директори.
Членовите на Одборот на директори се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што на кој било начин се однесуваат на работењето на Друштвото, а кои ги добиле како доверливи.
Обврските од ставот 2 на овој член трае и по престанувањето на мандатот во Одборот на директори.
Во текот на извршувањето на своите должности, Одборот на директори може да се потпира на информации, на мислења или на извештаи подготвени од независни правни советници, независни овластени сметководители и овластени ревизори и други лица, за кои се верува дека се доверливи и компетентни за работите што ги вршат, при што не се смета дека со тоа е ослободен од својата обврска да постапува со внимание на уреден и совесен трговец.

## Отповикување и оставка на членови на Одборот на директори

### Член 25

Собранието може да ги отповика сите членови на Одборот на директори, односно член пред истекот на времето за коешто биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас, преставени на собранието.
Ако собранието донело одлука за отповикување на сите членови на Одборот на директори, односно на нивен член, на истата седница избира нови членови на Одборот на директори, односно нов член на местото на отповиканиот член ако собранието одлучи така и ако на собранието на акционерите, во писмена форма им се достават податоците за кандидатите коишто треба да бидат избрани.
Извршен член на одборот на директорите може да биде отповикан од страна на одборот на директорите во кое било време, со или без образложение. На отповиканиот извршен член му мирува својството на член во одборот на директорите до наредното собрание на акционери на коешто ќе се одлучи дали ќе биде отповикан пред истекот на мандатот за којшто е избран.
На членовите на Одборот на директори односно на член на Одборот на директори му престанува мандатот, ако годишното собрание не ја одобри работата на Одборот на директори или на некои од членовите.

**Член 26**

Член на Одборот на директори може да поднесе оставка во кое било време со поднесување на писмено известување заверено кај надлежен нотар до органот што го избрал - собранието на акционери Друштвото.

**Награда на членовите на Одборот на директори**

**Член 27**

На Неизвршните членови на Одборот на директори им се исплаќа месечен надомест во висина утврден со одлука на Собранието на акционери на друштвото. Средствата што се исплатуваат на неизвршните членови на Одборот на директори се трошоци на работењето на Друштвото.

Друштвото не може да дава кредит на член на Одборот на директори и на член на нивните потесни семејства.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА НА АКЦИОНЕРИ

**Член 28**

Друштвото, во статутот или други внатрешни акти, ја пропишува постапката и начинот на остварување на правото на увид во оние акти и други документи на друштвото во кои во согласност со закон секој акционер има право на увид. Во случај кога друштвото го ограничува правото на увид во актите и документи за да се зачува доверливоста во работењето или деловните интереси, за истото ќе му биде дадено објаснување на акционерот кој побарал увид.

Одборот на директори именува лице кое е одговорно да обезбеди навремен и соодветен одговор на прашањата или да дава информации на акционерите и инвеститорите. Друштвото треба да се погрижи да има соодветна постапка за упатување на овие прашања до одборот на директори во ситуациите кога тоа е соодветно. Податоците за ова лице, неговата адреса за електронска пошта и телефонски број се објавуваат на веб-страницата на друштвото.

**Завршни одредби**

**Член 29**

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

**Арх.бр.02- 3712/02**
**29.11.2021 година**

**Претседател на Одборот на директори**
**Штерјо Наков**

------------------------------------